# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

09 Април 2015
Скопје
Број 4, година X
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Април, 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на Годишната Информација
за 2014 година на Полициска станица
од општа надлежност ,,Кисела Вода,,

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Информација за 2014 година на Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/1
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), расправајќи по Годишната Информација за 2014 година на Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Годишната Информацијата за 2014 година на Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,,.

2. Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,, Скопје, односно до МВР на Република Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/3
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Решение за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Решението за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесено на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/2
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ),,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) и член 19 точка 4 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.23/2013), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Статутот за измена и дополнување
на Статутот на Јавната детска градинка ,,8 Март,,
на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се дава Согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје број 01-73/3 од 06.02.2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/4
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/3
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РМ,, бр.103/08) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за именување
на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

Член 1

Во Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода број 07-8628/16 од 29.11.2012 година во член 2 точка 3 алинеа 1 се заменува со зборовите ,,Љупчо Тодоровски,,.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/5
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објектот на ОУ “Невена Георгиева - Дуња” во Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објектот на ОУ “Невена Георгиева - Дуња” во Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/4
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објектот на ОУ "Невена Георгиева - Дуња" во Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на објектот на ОУ "Невена Георгиева - Дуња" во Општина Кисела Вода, ДУП Реон Ј, Четврт Ј 12, на улица "Михаил Чаков" бб, ГП 15.2, КП 1109, КО Кисела Вода 1.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40% надомест за Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-2385/6
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за распишување на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме и формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за распишување на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме и формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/5
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 7 и 153 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 ), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

# О Д Л У К А

за распишување на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме
и формирање на Комисија за спроведување на постапката
за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се распишува Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме на Општина Кисела Вода, утврдување награди за идејните решенија кои ќе се прифатат и формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода.

Член 2

Се распишува конкурс за изборна идејни решенија за грб и знаме на Општина Кисела Вода.Идејните решенија за грб и знаме на Општина Кисела Вода потребно е да ги изразуваат историските традиции, културното наследство, природата, географските, стопанските и другите карактеристики на Општина Кисела Вода, како и да ги исполнуваат хералдичките и вексилолошките стандарди.

Член 3

Конкурсот за избор на идејно решение ќе се спроведува согласно одредбите од Законот за јавните набавки кои ја регулираат предметната материја. Во Конкурсот поблиску и попрецизно ќе бидат наведени условите и критериумите за избор на најдобри понудени решенија.Рокот за поднесување на понудите не смее да е покус од 35 дена од датумот на испраќање на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото за јавни набавки.

Член 4

Право на учество на Конкурсот имаат сите правни и физички лица на РМ.

Член 5

За идејните решенија за грб и знаме кои ќе бидат утврдени за општински симболи, од страна на Советот на Кисела Вода се утврдува награда.Наградата за идејните решенија за грбот и знамето на Кисела Вода ќе изнесува вкупно 50.000,00 денари, односно поединечно за секој симбол по 25.000,00 денари, од кои за прва награда за идејно решение на грб е 25.000,00 денари и прва награда за идејно решение на знаме е 25.000,00 денари.

Член 6

За спроведување на постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Кисела Вода се формира Жири комисија составена од три члена.
За членови на Жири комисијата се избираат:

1.Светлана Коруновска Аџигогова
2.Горан Антовски
3.Петре Ристовски

-Петар Гајдов - Надворешно стручно лице – потпретседател на здружението на хералдичари

За извршената работа на надворешните членови на Жири (оценувачката) Комисија им се утврдува еднократен паричен надомест во нето износ од 10.000 ( десет илјади) денари.
Комисија за спроведување на постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Кисела Вода е од времен карактер и нејзиниот мандат завршува со остварување на целта поради која е формирана, односно со завршување на постапката за избор на грб и знаме на Кисела Вода.

Член 7

Комисијата ја спроведува постапката за избор на грб и знаме и има задача да ги прибере идејните решенија за грб и знаме по конкурсот, да ги разгледа, од истите да ги избере најдобрите и да му ги предложи на Советот на општината со цел избор на грб и знаме.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-2385/7
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата (КА)
културни манифестации и творештво за 2015 година
– Спроведување Конкурс за избор на идејно решение за грб и знаме
на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/6
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02) , член 34 став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ( ,, Службен гласник на Град Скопје “ бр. 8/05 и ,, Службен гласник на Општина Кисела Вода “ бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

За измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода.

## Член 1

Измената на Програмата (К4) Културни манифестации и творештво за 2015 година се состои во:

Додавање на нова точка од Програмата (К4) културни манифестации и творештво под бр.9 – ,,Спроведување Конкурс за избор на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода.”

## Член 2

Средствата (60.000,00) ќе бидат обезбедени со пренамена на дел од средствата предвидени во проектите од Програмата за култура за 2015 год:

Од проектот под бр. 3. ,,Пушкинови Денови“ во износ од 30.000,00 денари. (од ставката за авторски хонорари) и од проектот бр.7. ,,Ден на музиката на Шопен во паркот Шопен “ во износ од 30.000,00 денари (Од ставката за авторски хонорари)

## Член 3

Ова Програма стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/8
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за измена и дополнување на
Програмата (КА) културни манифестации и творештво
за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор
на ,,Поздравна песна со мотиви од Општина Кисела Вода“

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на ,,Поздравна песна со мотиви од Општина Кисела Вода“, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/7
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02) , член 34 став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ( ,, Службен гласник на Град Скопје " бр. 8/05 и ,, Службен гласник на Општина Кисела Вода " бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

За измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на ,,Поздравна песна со мотиви од Општина Кисела Вода".

## Член 1

Измената и дополнението на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година се состои во :

- Дополнување на нова точка во Програмата под Бр.10 Проект ,, Изготвување на Поздравна песна со мотиви од Општина Кисела Вода."

## Член 2

Средствата – 100.000,00 денари ќе бидат обезбедени со пренамена на дел од средствата од ставката за авторски хонорари од проектот ,, Културно Лето Три Круши 2015 "

## Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/9
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за престанок на важењето на Одлуката за
за реализација на проектот „ Реконструкција на Дом на култура – с. Драчево„
бр.09-1846/10 од 12 Март 2015 година

1.Се објавува Одлуката за престанок на важењето на Одлуката за реализација на проектот „ Реконструкција на Дом на култура – с. Драчево„ бр.09-1846/10 од 12 Март 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/8
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за престанок на важењето на Одлуката за
за реализација на проектот „ Реконструкција на Дом на култура – с. Драчево„
бр.09-1846/10 од 12 Март 2015 година

Член 1

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за реализација на проектот „Реконструкција на Дом на култура – с. Драчево„ бр.09-1846/10 од 12 Март 2015 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/10
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за реализација на проектот
„ Рехабилитација на коловоз на ул. Сердарот„ – с. Драчево

1.Се објавува Одлуката за реализација на проектот „ Рехабилитација на коловоз на ул. Сердарот„ – с. Драчево, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 02 април 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2904/9
9.04.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и седмата пленарна седница одржана на 02 април 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за реализација на проектот
„ Рехабилитација на коловоз на ул. Сердарот„ – с. Драчево

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „ Рехабилитација на коловоз на ул. Сердарот„ – с. Драчево е приоритет за општина Кисела Вода и истиот е вклучен во стратешките документи на општината: Стратегија за локален економски развој на Општина Кисела Вода за период 2014-2018 година.

За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Кисела Вода да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 120.000 евра.

Член 2

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 7.354.099 денари или 119.578,9 евра. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Кисела Вода во вредност од 119.578,9 евра.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2385/11
02 април 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

С О Д Р Ж И Н А:

1.Заклучок за усвојување на Годишната Информација за 2014 година на Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,”...................................................................4

2.Решение за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје...................6

3.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода..........................................................................................................8

4.Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објектот на ОУ “Невена Георгиева - Дуња” во Општина Кисела Вода..................................................................................................................10

5.Одлука за распишување на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме и формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода.........................................................................................12

6.Програма за измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода...........................................................................15

7.Програма за измена и дополнување на Програмата (КА) културни манифестации и творештво за 2015 година – Спроведување Конкурс за избор на ,,Поздравна песна со мотиви од Општина Кисела Вода“.................................................17

8.Одлука за престанок на важењето на Одлуката за реализација на проектот „ Реконструкција на Дом на култура – с. Драчево„ бр.09-1846/10 од 12 Март 2015 година.........................................................................19

9.Одлука за реализација на проектот „Рехабилитација на коловоз на ул. Сердарот„ – с. Драчево..............................................................................................21